СТАР | ГЛАСНО ЗА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

# РЕВИДИРАН СТРАТЕШКИ ПЛАН 2018 - 2020

**ул. „11 Октомври“ бр. 22/2, 1000 Скопје, Македонија**

**тел/факс: + 389 2 323 24 11**

**star.contact@yahoo.com**

**декември 2017, Скопје**

**(ревизија 2019)**

## Содржина


1. ВОВЕД....3
2. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАР - СТАР....5
   2.1 Структура на организацијата....6
   2.2 Визија....8
   2.3 Мисија....8
   2.4 Вредности....8
   2.5 Целни групи....8
   2.6 Соработка со засегнати страни и партнерства....10
3. ДЕФИНИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА....12
   3.1 Стратешки наоски, цели и активности....12
4. ЗАКЛУЧОК....22
5. ТОЛКОВНИК....23
6. ПРИЛОЗИ....24

## 1. ВОВЕД

Во 2017 година СТАР-СТАР изработи стратешки план за своето програмско работење и организациски развој кој се базираше на утврдени потреби и проблематични подрачја и тоа:

- Голем број од сексуалните работници живеат во страв од насилство, малтретирање, дискриминација, стигма од страна на општеството и државните институции.
- Сексуалните работници работат и живеат во небезбедни услови.
- Законските мерки ги ограничуваат основните права и слободи на сексуалните работници.
- Сексуалните работниици се социјално исклучени во општеството, а покрај нив страдаат и членовите на нивните семејства, пријателите и партнерите.
- Ограничениот пристап на сексуалните работници до здравствени услуги за СРЗ и ХИВ/СИДА.
- Неактивното членство.
- Слабо развиената теренска работа.
- Недоволно развиените капацитети кај дел од членовите од тимот.
- Зависност од еден начин на финансирање.

Во подготовката на стратешкиот план како појдовна основа беа земени:

- Јасно дефинирање на основните проблеми во полето на делување.
- Анализа на почетната состојба во најважните програми за сексуалните работници (според видувањето на СТАР-СТАР).
- Проценка на потребите на целната група.
- Проценка на ставовите на пратеници во Собранието на Република Македонија, здравствени и социјални работници и други клучни донесувачи на одлуки во насока на подобрување на законските рамки кои ги таргетираат сексуалните работници.
- Бројот на потенцијалните донатори.
- Капацитетот на СТАР-СТАР да се справи со постоечките предизвици.
- Делувањето на СТАР-СТАР на национално ниво.

Во последниот квартал на 2019 година СТАР-СТАР согласно претходниот план спроведе ревизија на Стратешкиот план 2018 – 2020 и на годишниот план за 2019/2020 година со цел да се вгради влијанието од настанатите промени во контекстот после 2017 година, но и да се ревидираат и насочат програмите и активностите соодветно според потребите кај целните групи. Процесот на ревизија се спроведуваше во две фази и тоа: 1) во првата фаза тимот на СТАР-СТАР самостојно спроведе проверка и преглед на спроведените активности согласно планот, подготви ажурирана SWOT анализа за делувањето, како на централната канцеларија во Скопје, така и на двата ограноци во Гостивар и Струмица и 2) во втората фаза се реализираше дводневна работилинца со тимот на СТАР-СТАР на која под водство на надворешни фасилитатори од консултантската фирма Стратешки менаџмент системи – СМС се идентификуваа промените во контекстот, интерните сили и слабости како и потребата за

ревизија и дополнување во однос на потребите на целните групи и крајните корисници (Прилог 1 SWOT анализа).

Во стратегијата на СТАР-СТАР препознатливи се три основни полиња на делување:

- Застапување и лобирање за подобрување на социјалната средина и човековите права на сексуалните работници.
- Превенција на ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје.
- Одржлив развој и градење на капацитети на организацијата

Овие полиња на делување понатаму ќе придонесат за креирање на активности и надградување на веќе постоечки програми на организацијата во насока на решавање на проблемите и потребите на сексуалните работници и нивните подгрупи.

Содржината на Стратешкиот план е во согласност со моменталната состојба на сексуалните работници во Република Македонија; срединитe и условите во кои живеат и работат; перцепцијата за сексуалната работа од страна на општата популација, државните институции и други организации; можностите и капацитетите на организацијата за реализација на одредени активности, како и досегашната соработка со организации од граѓанското општество и одредени државни институции. Во периодот од 2017 година па до крајот на 2019 година, околината за работа на организацијата станува поподдржувачка, институциите поотворени за соработка, а политичката клима поповолна за пласирање на прашањето за правата на сексуалните работници.

Стратегијата на организацијата претставува динамичен (прилагодлив) документ кој, зависно од непредвидливите општествено-политички промени и влијанија, како и од потребите на самата заедница, може да скршне од зацртаните насоки.

Во овој документ се прикажани основните податоци за СТАР-СТАР и досегашното работење на организацијата, визијата и мисијата произлезени од членовите на организацијата, рамката во која ќе делува организацијата, идните стратешки насоки на дејствување на СТАР-СТАР (цели базирани врз потребите на целната група, ставови на пратеници во Собранието на Република Македонија, социјални и здравствени работници и други клучни донесувачи на одлуки, активности, дејствувања на национално ниво, очекувани резултати и показатели), а во прилог се дадени и главните резултати од работилниците за стратешко планирање.

## 2. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАР - СТАР

### СТАР-СТАР: Гласно за сексуалните работници

Од 2007 до 2010 година, СТАР-СТАР претставуваше активистичко движење на група млади луѓе кои имаа една заедничка цел – унапредување и промоција на правата на сексуалните работници во Република Македонија, притоа активно вклучувајќи ги лицата од сексуалната индустрија во имплементација на своите активности.

Со намера да ја промовира важноста на граѓанскиот сектор во процесот на демократското управување, кон средината на 2010 година СТАР-СТАР поднесе иницијатива за влез во Централниот регистар на РМ. На 25.05.2010 година, СТАР-СТАР беше заведен во Централниот регистар како Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР.

Денес, СТАР-СТАР е дел од граѓанскиот сектор промовирајќи ги своите аспирации, придонеси и потреби, стремејќи се кон отворено општество кое знае да ги препознае, прифати и почитува различностите.

Во 2011 година, во соработка со нашите поддржувачи почнавме да работиме на организацискиот развој на СТАР-СТАР, да ги зајакнуваме организациските капацитети и да ја мобилизираме заедницата.

СТАР-СТАР и сексуалните работници веруваат дека почитувањето на основните човекови права и слободи и правото на слободен избор на професија се основните принципи за здраво, толерантно и слободно општество.

СТАР-СТАР делува на локално, национално и меѓународно ниво. Покрај делувањето на ниво на град Скопје (СТАР), СТАР-СТАР формираше и два ограноци во следниве региони: северозападниот регион, т.е. Гостивар, Струга и Тетово (СТАР Запад) и југоисточниот регион, т.е. Струмица (СТАР Исток).

Полето на дејствување на СТАР-СТАР е:

Промовирање на сексуалната работа како и секоја друга професија; заштита и унапредување на правата на сексуалните работници во социјалниот, правниот и здравствениот систем во општеството, преку активна и блиска соработка со граѓанскиот сектор, државните институции и медиумите, на локално, национално и меѓународно ниво.

Овозможување полесен пристап кај сексуалните работници до здравствени сервиси од страна на здруженијата на граѓани и здравствените државни институции, како и адаптирање на здравствените услуги според потребите на заедницата.

Мапирање на нови потенцијални донатори за континуирана одржливост на организацијата, како и изнаоѓање различни извори на финансирање.

Зајакнување и мобилизација на заедницата, градење на капацитетите на организацијата и проширување на активностите на национално ниво.

Листата на реализирани проекти е прикажана во Прилог 2.

## 2.1 Структура на организацијата




СТАР-СТАР има воспоставена структура соодветна за помали граѓански организации, но сеуште доволно функционална за да може да се реализираат зацртаните активности во рамки на програмите и да се работи континуирано на организацискиот развој. Управната структура на СТАР-СТАР брои две тела, Собрание и Управен одбор и функцијата Претседател на организацијата.

Во извршната структура на СТАР-СТАР се вклучени следниве позиции:

- Програмски раководител како позиција која врши севкупна координација на работата на програмите на здружението и го насочува развојот на двата ограноци во Гостивар и во Струмица.

- Финансиско административен координатор како позиција која е задолжена за раководење со администрација и финансии на здружението.
- Координатор за комуниикации како позиција која е задолжена за следење и раководење на односите со јавност, веб страната, профилите на организацијата на социјалните мрежи, јавните настани и сл.
- Координатор за мобилизација, едукација и превенција како позиција која претставува линк помеѓу членството и организацијата и е задолжена за Програмата во Скопје, одржување на редовен контакт со корисниците и членовите и надгледување и развој на работата во ограноците во Гостивар и Струмица.
- Координатори во Струмица и Координатор во Гостивар се позиции преку кои се координираат и спроведуваат активностите на СТАР -СТАР во западниот и источниот регион.

**Собранието** е врховното тело во организацијата. Во моментов Собранието го сочинуваат сите членови на здружението. Членови на здружението може да бидат сите граѓани на Република Македонија. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно. Собранието избира Претседател на Собрание со обично мнозинство. Претседателот на Собранието е истовремено и Претседател на здружението. Седница на Собранието може да се свика и по предлог на Управниот одбор. Собранието на здружението одлучува и ги избира членовите на Управниот одбор. Собранието може да предложи и избере надворешни членови во Управниот одбор на Здружението. На Собранието се одлучува со јавно гласање. Секој член на Собранието има право на еден глас. СТАР-СТАР планира да го ревидира членството во Собранието со цел да се вклучат поактивно оние членови кои покажуваат интерес за функцинирање на организацијата и имаат желба активно да придонесат во нејзиниот развој.

**Управен одбор** е колективен управен орган на здружението во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на здружението во согласнот со Статутот. Управниот одбор на здружението брои 5 (пет) члена. Управниот одбор од своите редови избира Претседател со мандат од 4 години со можност за уште еден избор. Претседателот на Управниот Одбор е истовремено и Претседателот на Собранието. Управниот одбор се состанува и одржува седници по потреба, а најмалку еднаш месечно. Управниот одбор е орган кој што ги носи важните одлуки за потребите на здружението во периодот помеѓу две собранија. Начинот на свикување на седницата и други прашања од работењето на Управниот одбор се уредуваат со Деловникот за работа.

**Претседателот/ката** исто така се избира од Собранието. Освен вообичаените претседателски функции, како што е претставувањето на организацијата, во СТАР-СТАР Претседателот/ката е воедно и тој/таа кој/а го управува и надгледува севкупното делување на СТАР-СТАР, како и работата на поединечните членови.

Во претстојната 2020 година СТАР-СТАР планира да работи на подобрување на функционалноста на управната структура, како и на дополнително зајакнување на дефинираните позиции во извршната структура. Во тој контекст тимот на СТАР-СТАР планира да спроведе обуки за вработените за јавен настап и јавно говорење, обуки за подобрување на знаењата и употребата на англиски јазик, како и обуки за развивање на вештините за проектно планирање.

## 2.2 Визија

СТАР-СТАР се залага за свет без насилство во кој сексуалните работници слободно живеат и работат, а почитувањето на основните човекови права и слободи се основни принципи на демократско и толерантно општество.

## 2.3 Мисија

СТАР-СТАР има за цел да ги заштитува и застапува сексуалните работници во општеството, преку активна соработка со државните институции, граѓанскиот сектор и медиумите на локално, национално и меѓународно ниво.
СТАР-СТАР ги мобилизира и интегрира сексуалните работници во процесот на градење на капацитетите и организацискиот раст и развој.

## 2.4 Вредности

- Вклученост на сексуалните работници во процесите на креирање политики и донесување одлуки на сите организациски нивоа.
- Солидарност со сите кои ги делат истите заложби, принципи и вредности во процесот на креирање демократско и отворено општество.
- Транспарентност во однос на постоење механизми кои подразбираат отвореност и отчетност во рамки на организациските принципи, програми и активности.
- Вмрежување и партнерство со споделување на правата, обврските и одговорностите за постигнување заеднички цели.
- Видливост преку јавно делување во граѓанското општество.

## 2.5 Целни групи

Во рамките на стратегијата на организацијата, програмите на СТАР-СТАР се насочени кон повеќе целни групи:

- женски, машки, МСМ и трансродни сексуални работници;
- сексуални работници корисници на droги;
- млади сексуални работници;
- мигранти.

кои работат на отворена (на улица) и на затворена сцена (во затворени простории како што се салони за масажи, приватни апартмани и хотели).

**Кои се сексуалните работници?**

Сексуалните работници се мажи, жени и трансродови лица чии човекови права мораат да се почитуваат. Сексуалната работа е непринудна продажба на сексуални услуги за пари или други материјални добра, помеѓу согласни возрасни лица.

Во Република Северна Македонија не постојат конкретни закони за регулација на сексуалната работа. Вршењето дејност поврзано со сексуалната работа се смета за нарушување на јавниот ред и мир: „Кој се оддава на **проституција**, како и издава, односно става на располагање простории за вршење на проституција ќе му се изрече глоба во износ од **600 до 800 евра** во денарска противвредност[1], додека некои други активности поврзани со сексуалната работа (подведување, охрабрување, заработување од посредување за сексуални услуги) се третираат и казнуваат како кривични дела“[1].

Претежно конзервативното и патријархално општество доведува до создавање стереотипи за сексуалните работници кои прераснуваат во стигма и дискриминација кон оваа маргинализирана заедница. Сексуалните работници во Република Северна Македонија живеат и работат во небезбедни услови, и постојано се изложени на насилство, малтретирање и прогон од страна на општата јавност и институциите.

Со Уставот на Република Северна Македонија на сите граѓани им е загарантирано правото на слободен избор, правото на здравствена и социјална заштита и сите граѓани се еднакви пред законот и институциите. Оттука, сексуалните работници треба да ги уживаат истите човекови права како и секој друг граѓанин на Република Северна Македонија.

Постојат голем број примери на стигма и дискриминација кон сексуалните работници од страна на општата јавност и институциите на државата. Некои од нив се:

- „На никој не му е грижа што муштеријата (човекот, граѓанинот со високи морални вредности) ја претепал и не и’ платил на курвата во чие друштво уживал и ги гасел своите страсти“.

- „Осудена е оваа жена, самохрана мајка, која за да се прехрани себе си и своето дете одлучила да дава сексуални услуги, можела да најде некоја „чесна“ работа“.

- „Државни службеници ја злоупотребуваат својата положба и со влевање страв, со закани па дури и со физичко малтретирање бесплатно ги користат услугите на сексуалните работници“.

Голем е бројот на сексуални работници кои живеат во страв од насилство, осуди и дискриминација, кои се јавуваат како последица од законите кои ги ограничуваат основните

[1] Член 19 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир во Р.М и Член 191 од Кривичен законик на Р.М. 1996

права и слободи на сексуалните работници. Стравот, насилството, осудите и дискриминацијата најчесто се предизвикани од:

- Семејство, партнери
- Општата јавност;
- Клиентите;
- Здравствените установи;
- Полицијата;
- Центрите за социјална работа;
- Медиуми;
- Институции.

Важно е да се напомене дека страдањето од оваа тортура врз сексуалните работници се пренесува и на нивното опкружување. Страдаат и членовите на нивните семејства, нивните пријатели и партнери.

Имајќи ги предвид актуелните состојби во општеството, стратешка определба на СТАР -СТАР е дека активно ќе работи во насока на намалување и искоренување на стигмата, дискриминацијата и тортурата врз сексуалните работници, говорејќи гласно за сексуалнте работници – *OUT LOUD FOR SEX WORKERS*.

## 2.6 Соработка со засегнати страни и партнерства

Секојдневното насилство, социјалната исклученост, нееднаквиот третман од страна на институциите и општата јавност врз сексуалните работници се рефлектира на нивната околина, притоа проширувајќи го ефектот низ нивната социјална средина. Според тоа проблемите на сексуалните работници не се само нивни проблеми, туку и на следниве засегнати страни:

- членови од потесните семејства, партнери и пријатели
- клиенти на сексуалните работници
- општа популација
- граѓански здруженија
- фондации
- локална самоуправа
- медиуми
- институции

За остварување на своите цели СТАР-СТАР развива соработка со граѓанскиот сектор на локално, национално и меѓународно ниво: ХЕРА, ХОПС, Заедно посилни, ЕГАЛ, Коалиција МАРГИНИ, ХЕЛП - Гостивар, Доверба и други. Со овие организации се координираат теренски активности како и опфатот на корисниците. Исто така во соработка со овие организации се овозможуваат услуги за

корисниците и членовите на СТАР – СТАР. Дополнително стратешката ориентација на СТАР-СТАР е да настапува во партнерски проекти со овие здруженија со цел полесен пристап до фондови. Во таквиот процес идентификувана е потреба за поголема координација, јасно утврдување на специфичното поле на делување на секоја организација соработник или партнер, но и воспоставување процес на идентификување и развој на потребните капацитети за партнерство и за работа со корсиниците.

СТАР-СТАР е полноправна членка на неколку мрежи и платформи кои работат на полето за промоција на човекови права: Мрежа против хомофобија и трансфобија Мрежа за заштита од дискриминација, Македонска платформа против сиромаштија, како и меѓународните мрежи и организации SWAN (Sex Workers' Rights Advocacy Network), NSWP (Network of Sex Work Project), ICRSE (International Committee on the Rights of Sex Workers in Europe), ECOM (Eurasian Coalition on Male Health), EKHN (Eurasian Key Populations Health Network) и др. СТАР-СТАР е во постојана соработка со сите овие организации, платформи и мрежи, и е отворена за соработка со нови партнери. На територијата на Балканскиот полуостров СТАР-СТАР е водечка организација која го третира прашањето на правата на сексуалните работници. Во тој контекст СТАР-СТАР преку својот тим соработува со други организации во развој на нивните капацитети, како и во поддршка на процеси на застапување и лобирање и споделување искуства.

СТАР-СТАР има остварено соработка со Министерство за здравство за имплементирање на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција заедно со уште 14 други граѓански организации. Оваа активност продолжува и понатаму иако еден дел од вклучените организации во програмата не се секогаш респонзивни на потребите на сексуалните работници со кои работи СТАР-СТАР. Во таа насока, потребно е организацијата да дефинира јасни услови и начини на соработка со локалните организации, а кои ќе одат во прилог на потребите на сексуалните работници.

Во остварување на своите цели СТАР-СТАР во изминатиот стратешки период ја зајакна соработката со  и со други институции во Република Македонија. Планиран е состанок со Владата на Република Македонија, поактивен ангажман околу пратениците, политичките партии и Собранието на Република Македонија со цел да се истражат нивните ставови за декриминализација на сексуалната работа, но и воопшто за правата на сексуалните работници. До сега СТАР –СТАР реализираше тркалезни маси и активности на кои присуствуваше Министерката за труд и социјална политика, претставници на Министерството за здравство, судии и јавни обвинители. Сето ова укажува на зголемена респонзивност од страна на институциите. Секако во иднина СТАР-СТАР планира да ја зајакне соработката со овие институции, но и со други како на пример, Министерство за внатрешни работи, локална самоуправа, локални здравствени центри и центри за социјална работа.

Клучни донатори кои до сега финансиски ги поддржаа активностите на СТАР-СТАР се FOSM, Global Fund, GFW (Global Fund for Women) amfAR, American Foundation for AIDS research, SWAN, ICRSE/RCF, SWARM, UNFPA, ECOM, ViiV Healthcare, Red Umbrella Fund и Министерство за здравство.

# 3. ДЕФИНИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА

## 3.1 Стратешки насоки, цели и активности

### 1. СТРАТЕШКА НАСОКА: ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА СРЕДИНА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

#### ЦЕЛ 1.1 - Подигнување на свеста кај општата популација - Сексуалната работа е слободен избор

Од 2017 па се до 2019 година СТАР-СТАР спроведува активности со цел подигнување на свеста кај општата популација за сексуалната работа како слободен избор и за заштита на правата на сексуалните работници. Во досегашните активности СТАР-СТАР има реализирано тренинзи за социјални и здравствени работници, работилница со новинари, како и ред јавни настани и активности кои се традиционални и редовно се одбележуваат. Исто така во текот на 2017 и 2018 година СТАР-СТАР реализираше и културни активности како Red Light District и Изложба Две од Оние.

Во текот на 2020 година СТАР-СТАР ќе продолжи со едукација на социјални и здравствени работници, а исто така има потреба и од дополнителни работилници со новинари, како и подготовка на материјали и водичи за новинари со цел правилен третман на прашањето за сексуалната работа и сексуалните работници. Во текот на 2020 година важно е да се зајакне присуството на социјалните медиуми и во таа насока тимот планира паралелно со подготовката на идната стратегија да ја финализира и Комуникациската стратегија која ќе ги следи идните стратешки цели на организацијата.

Видео активизмот е планиран како една од активностите на организцијата која ќе остане актуелна и во следниот период на спроведување на стратегијата. Во текот на 2020 СТАР-СТАР планира да го зајакне видео активизмот и оваа алатка повеќе да се употребува во процесите на застапување и како дел од јавни кампањи.

Активностите кои остануваат актуелни и во 2020 се:

- 1.1.1. Тренинзи за социјални и здравствени работници;
- 1.1.2. Едукативни работилници со заедницата;
- 1.1.3. Едукативни работилници со новинари, подготовка на материјали и водичи во соработка со Коалиција Маргини; активности на социјални мрежи, профили и медиуми, со фокус на подигање на капацитетите на инфлуенсери за спроведување кампањи и застапување во заедницата;
- 1.1.4. 03.03 – Одбележување на Интернационалниот ден на правата на сексуалните работници;
- 1.1.5. 01.05 – Поддршка во одбележување на 1-ви Мај, Меѓународниот ден на трудот;

1.1.6. 02.06 – Одбележување на Меѓународен ден на сексуалните работници;

1.1.7. Одбележување на 14 септември – ден на гордоста на сексуалните работници;

1.1.8. 17.12 – Одбележување на Меѓународен ден за борба против насилството врз сексуалните работници;

1.1.9. Подготовка на план за поактивно користење на видео активизам како алатка за комуникација;

1.1.10. Организирање уметнички настани Red Light District и покренување иницијатива за организирање на Sex work festival.

1.1.11. Електронски магазин S-Work.

**ЦЕЛ 1.2 - Подобрување на законската рамка**

Од 2017 година па се до 2019 СТАР-СТАР превземаше иницијативи со цел подобрување на законската рамка, но и активно се вклучуваше како партнер во спроведување на активности со сродни организации. Во таа насока СТАР-СТАР заедно со Коалиција Маргини и ХОПС работеше на спроведување истражување помеѓу целната група со цел утврдување на ставовите на заедницата во поглед на законските решенија и се вклучи во анализа на регулативата на земјите од ЕУ.

Во текот на 2020 година СТАР-СТАР планира да се позиционира стратешки во процесите на унапредување на законската регулатива како единствена организација која работи со сексуалните работници. Во таа насока СТАР-СТАР ќе дефинира и објавува свои ставови за прашањата од интерес на заедницата, ќе подготвува анализи и документи и ќе спроведува самостојни истражувања.

Исто така во текот на 2020 година која е изборна година бидејќи во април треба да се спроведат парламентарни избори, СТАР-СТАР планира да реализира истражување со пратениците и со политичките партии во врска нивните ставови за правата на сексуалните работници и сексуалната работа.

Од особено значење за СТАР-СТАР се две нови полиња и тоа работничките права и економското јакнење во кои треба да се истражат како потребите на заедницата така и законската регулатива. Во 2019 година СТАР-СТАР реализираше тркалезна маса на тема правни потреби и пристап до правда во соработка со Коалиција Маргин и SWAN, а во текот на 2020 година СТАР-СТАР ќе отпочне со подготовки со цел стратешки да се делува понатаму во заштита на работничките права и воведување на активности со цел економско јакнење на сексуалните работници.

Во текот на 2020 година остануваат актуелни следниве активности:

1.2.1 Анкетирање на ставовите на пратениците во Парламентот за сексуалната работа;
1.2.2 Анкетирање на ставовите на политичките партии за сексуалната работа;
1.2.3 Студиска посета на организации во ЕУ во рамки на активностите за ПрЕП;

1.2.4 Координација на процесот на застапување за предлог закон во соработка со партнерски организации;
1.2.5 Унапредување на знаењата на заедницата од оваа област преку креативни работилници и други начини на едукација;

**ЦЕЛ 1.3 - Превенција и реакција против насилството врз сексуалните работници**

Во изминатиот период СТАР-СТАР ги зајакна капацитетите за справување со насилство врз сексуалните работници. Обучени се два пара правници за пружање на помош на жртви на насилство. Исто така организацијата во соработка со други организации работи на документирање случаи на насилство врз сексуални работници, како и пружање правна помош.

Во текот на 2020 организацијата треба да пружа параправничка поддршка на сексуалните работници и да ги зајакне врските со други организации со цел пружање на бесплатна правна помош.

Во текот на 2020 останувaат актуелни следниве активности:

1.3.1 Едукативни работилници со заедницата;
1.3.2 Соработка со Коалиција Маргини и Заедно посилни во документирање на случаи на прекршување на правата на сексуалните работници посебно за МСМ и трансродни лица;
1.3.3 Идентификување лица на кои им е потребна параправна помош и пружање на помош и поддршка;
1.3.4 Продолжување на соработката со Коалиција Маргини со цел пружање на бесплатна правна помош;

**ЦЕЛ 1.4 Зајакнување на капацитетите за антидискриминација и декрминализација на сексуалната работа**

Во однос на декрминализацијата на сексуалната работа СТАР-СТАР значително ги зајакна своите капацитети. Организирани се советувања и тркалезни маси со полиција, МТСП, како и со адвокати и судии. Воспоставено е национално тело за имплементација на активности за регулација на сексуалната работа при што СТАР-СТАР ја има водечката улога. Капацитетите на тимот се зајакнати преку обуки и едукации.

Во текот на 2020 актуелни останувaат следниве активности:

1.4.1 Консултации со надлежни институции и правни професионалци;
1.4.2 Подготовка на план за делување на националното тело за декриминализација на сексуалната работа и воведување на алатки за редовна комуникација со партнерските организации, политичките партии и релевантни владини тела;
1.4.3 Понатамошен развој на капацитетите на членовите на СТАР-СТАР за постоечката и потенцијално предложената законска легислатива;

### ЦЕЛ 1.5 - Развој на дата бази и податоци преку истражувања спроведени од СТАР-СТАР меѓу заедницата на сексуалните работници

Во текот на 2020 година СТАР-СТАР планира да отпочне свои истражувања помеѓу заедницата со цел креирање дата бази со податоци и мапирање на заедницата. Овие податоци понатаму треба да послужат во процесите на планирање на проекти, но и во застапување пред институциите.

### ЦЕЛ 1.6 - Подобрување на пристапот до нови превентивни методи за ХИВ

Во изминатиот период СТАР-СТАР е дел од работната група и процесот за воведување на ПрЕП. СТАР-СТАР учествуваше во организација на консултации со заедницата и развивање на Национален протокол за ПрЕП. Заедницата е вклучена директно во процесите на застапување и пилотирање.

Актуелни активност во текот на 2020 останува :

1.6.1. Учество во развивање на Националниот протокол за ПЕП;

1.6.2 Обезбедување на учество на сексуалните работници во процесот на развивање на стандарди за имплементација на превентивни програми на ХИВ

### ЦЕЛ 1.7 - Застапување за SWIT

Во текот на 2019 СТАР – СТАР организираше тркалезни маси за SWIT и презентација на SWIT пред Националната комисија за HIV.

Како актуелни активности во 2020 остануваат:

1.7.1. Организирање на тркалезни маси за имплементација на SWIT помеѓу носители на одлуки во здравствениот систем;

1.7.2. Презентација на SWIT пред Националната комисија за ХИВ;

## 2. СТРАТЕШКА НАСОКА: СРЗП – СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ПРАВА

Според истражувањата спроведени на територијата на Република Северна Македонија, особено од страна на граѓанските организации, се укажува на постоење ризик во однос на СПИ и ХИВ/СИДА кај сексуалните работници. Поради фактот што голем број сексуални работници и покрај развиената свест за користење на контрацептивни средства, се уште постојат случаи на присилување за давање сексуални услуги без користење заштита. И покрај постоењето и функционирањето на превентивните програми за здравје, се уште постои ниска свест кај сексуалните работници кои се вклучуваат во сексуалната работа. При тоа, потребно е да се зголеми нивната информираност и познавањата кај оваа маргинализирана група и подгрупите (лица кои инјектираат дрога, МСМ – мажи кои имаат секс со мажи, трансродовите лица и лица кои што даваат сексуални услуги, но не се идентификуваат како сексуални работници) за СРЗП и ХИВ/СИДА.

Статистичките податоци покажаа дека ХИВ преваленцата кај сексуалните работници е ниска, но според начинот на пренесување на ХИВ вирусот, кај МСМ популацијата е поголем процентот на лица инфицирани со ХИВ. Според последната евиденција на Институтот за јавно здравје во Република Северна Македонија, бројот на мажите е двојно поголем од бројот на жените кои живеат со ХИВ, со што се заклучува дека дека мажите кои имаат секс со мажи (МСМ) се една од групите со висок ризик за пренос на ХИВ.

Здравствените установи во Република Македонија кои нудат услуги за сексуално и репродуктивно здравје ја немаат потребната доверба на сексуалните работници поради фактот што медицинскиот персонал не е доволно сензибилизиран и не ги разбира потребите на оваа маргинализирана заедница. Услугите за сексуално и репродуктивно здравје кои ги користат сексуалните работници се дел од сервисите на здруженијата на граѓани, а од друга страна, достапноста до сервисите од јавното здравство е ограничена за сексуалните работници. Ова се должи во најголема мера на стигмата и дискриминацијата која што сексуалните работници ја имаат искусено од здравствените работници кои што се даватели на здравствени услуги. Поради ова потребно е да се сензибилизираат здравствените работници со цел истите да им овозможат адвекатен и полесен пристап до здравствени услуги.

Согледувајќи ги овие состојби, СТАР-СТАР во наредниот тригодишен период ќе се занимава со следниве активности од поставените цели:

## ЦЕЛ 2.1 - Едукација на сексуалните работници за ХИВ/СИДА и СРЗ

Во изминатиот период СТАР-СТАР спорведуваше активности со заедницата со цел нивна едукација за ХИВ/СИДА и СРЗ. Реализирани се едукативни работилници со целната група, теренски активности за делење на лубриканти и кондоми, како и делење на информативни брошури за СРЗ и ХИВ/СИДА. Информативната линија која беше воспоставена во Скопје веќе не функционира, но организацијата планира да ја зајакне работата со заедницата во 2020 преку воведување на нови и креативни начини на комуникација. Планирани се активности за да се подобри социјализацијата помеѓу членовите на заедницата, дружењето и сл. Исто така во 2020 година соодветно на утврдените потреби СТАР-СТАР е ги насочи своите активности и кон мапирање на млади сексуални работници и спроведување на активности со оваа група.

Во 2020 година актуелни се следниве активности:

- 2.1.1 Зајакнување и понатамошен развој на теренски активности (дистрибуција на кондоми и лубриканти);
- 2.1.2 Едукативни работилници со целната група;
- 2.1.3 Развивање на едукативни печатени материјали (брошури и сл.) и печатење на промотивни картички;
- 2.1.4 Мапирање на млади сексуални работници;
- 2.1.5 Анализа на законска регулатива поврзана со правата на малолетниците;
- 2.1.6 Разработка на план за сервиси соодветно на потребите на младите луѓе сексуални работници;

### ЦЕЛ 2.2 - Полесен пристап до сервиси

Во рамките на оваа цел спроведени се активности за едукација на заедницата за расположивите сервиси, активности за придружба во користење на здравствени сервиси и едукација на врснички едукатори.

Најзначајна потреба која останува актуелна во 2020 е користењето на беслатни гинеколошки прегледи кои се нудат за сексуалните работници. Всушност оваа активност ја спроведува организацијата ХЕРА во соработка со локални организации. Потребно е да се подобри координацијата и соработката во нудењето на здравствените сервиси како во Гостивар така и во Струмица со цел навремено да се одговори на потребите на сексуалните работници.

Во 2020 актуелни останувaат следниве активности:

2.2.1 Воспоставување координација во нудењето на здравствени сервиси на локално ниво;

2.2.2. Теренски активности (придружба за здравствени сервиси);

2.2.3 Едукативни работилници;

### ЦЕЛ 2.3 - Градење капацитети на граѓански организации, даватели на услуги, активисти и поддржувачи и организации водени од заедницата на сексуални работници.

Во изминатиот период СТАР-СТАР во соработка со UNFPA работеше на развивање модел за сексуална работа, ХИВ и човекови права и реализирање на работилници за сензитивизирање на здравствени работници. Исто така се реализираше и работилница за имплементација на SWIT.

Во текот на 2020 ќе се спроведуваат активности за:

2.3.1 Едукација на здравствени работници според тренинг модул за сексуална работа, ХИВ и човекови права;

2.3.4 Едукација за имплементација на SWIT за граѓански организации кои што имплементираат програми за ХИВ превенција помеѓу сексуални работници и за членови на Платформата за одржливост на сервиси.

## 3. СТРАТЕШКА НАСОКА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ

Свесни за фактот дека подобрувањето на работните и животните услови на сексуалните работници, како и борбата за нивните права и добивањето поддршка од граѓанското општество бара добро координиран колектив кој постојано расте и зајакнува, СТАР-СТАР постојано работи на зајакнување на заедницата. Преку мобилизација на сексуалните работници не само на локално туку и на национално ниво, како и преку градењето на нивните капацитети, СТАР-СТАР се стреми да ги постигне своите главни цели. Преку организацискиот раст и развој на организацијата, СТАР-СТАР постојано се проширува и подобрува со цел да создаде позитивна средина за заедницата на локално, национално и меѓународно ниво. СТАР-СТАР неодамна воспостави локални ограноци, еден во Југоисточна Македонија (СТАР Исток) и еден во Западна Македонија (СТАР Запад). Со формирање на овие ограноци и спроведувањето на тековните активности на СТАР-СТАР, се отвора можност за сите сексуални работници пошироко во Република Македонија да ги споделат своите искуства, да стекнат нови знаења во насока на застапување и унапредување на нивните основни човекови права.

### ЦЕЛ 3.1 - Обезбедување разноликост на фондови и привлекување на нови донатори

Во изминатиот период финансиските ресурси на СТАР-СТАР доаѓаа од донатори како што се FOSM, Red Umbrella, ViiV Helathcare, ECOM. Организацијата во моментов нема развиено систематски начин и модел за пристап до донатори, но заради се поголема препознаеност на организацијата на меѓународно и регионално ниво дел донатори и сами се интересираат за работата на организацијата (како на пример UNFPA).

Во текот на 2020 година организацијата соодветно на планот и потребите за пристап и фокус до специфични целни групи и области (млади, МСМ, трансродови, економско јакнење, работнички права) планира да ги спроведе следниве активности:

3.1.1 Мапирање на нови донатори за поддршка на специфични целни групи и нови области на делување;

3.1.2 Анализа на можности за развој на партнерски проекти со сродни организации;

3.1.3 Заеднички настап со платформи и мрежи на граѓански организации на национално, регионално и меѓународно ниво со цел искористување на ЕУ фондови и други меѓународни фондови;

3.1.4 Истражување на можности за соработка со локалната самоуправа како и можностите за прибирање на мали локални донации.

### ЦЕЛ 3.2 - Развој на одржлив модел за подготовка на проекти

Моментално организацијата работи на подготовка на проекти според востановена практика во која Претседателот на организацијата ги пишува предлог проектите и е задолжен за одржување на меѓународната соработка. Останатиот дел од персоналот е пред се вклучен во давање на

потребни информации. Ваквиот пристап се покажува како недоволно одржлив заради преголемата зафатеност на Претседателот, но исто така и со назначувањето на позиција Програмски раководител овој процес се планира соодветно да се промени во текот на 2020. Во таа насока СТАР-СТАР ги планира следниве активности:

3.2.1 Обука на членовите на тимот за раководење со проектен циклус и алатки за подоготвка на проекти;
3.2.2 Воведување на систем за континуирано планирање на проекти преку испланирани сесии на тимот;

**ЦЕЛ 3.3 - Градење на капацитетите на тимот и организацијата за застапување и теренско присуство**

Во изминатиот период СТАР-СТАР го отвори центарот во Гостивар и идентификуваше локален координатор. Потребно е овој центар дополнително да се разработи иако до сега се спроведени дел активности со заедницата. Исто така потребно е да се воведе систем за административно и техничко функционирање на центарот. Во Струмица сеуште физички не постои центар иако имало одредени ветувања од локалната самоуправа за доделување на простор на граѓански организации во кој простор би можел да се смести и центарот. Сепак организацијата стратешки планира да го развие прво центарот во Гостивар, па потоа да вложува во развој на центарот во Струмица. Дополнително во Гостивар треба да се работи на зајакнување на меѓучовечките односи во самата заедница и градење на локална мрежа за поддршка. Во Струмица заедницата е покомпактна и поангажирана, иако има закана од нарушување на довербата во работата на граѓанските организации заради претходни лоши искуства со други локални организации кои пружале услуги за сексуални работници.

СТАР-СТАР до сега на локално ниво реализирал серијал на работилници за донесување одлуки поврзани со ХИВ, работилници за јавни политки и комуникациски вештини и развој на прирачник за брендирање, промоција и маркетинг на организацијата.

Во текот на 2020 организацијата ги планра следниве активности:

3.3.1 Идентификување на поединци кои би можеле да се приклучат кон организацијата и во центрите на локално ниво;
3.3.2 Зајакување на локални здравствени програми во СТАР Запад и СТАР Исток пред се во однос на ХИВ тестирање и нудење на гинеколошки услуги;
3.3.3 Развој на локални програми за застапување во СТАР Запад и СТАР Исток со поддршка на персоналот до Скопје и со зајакнување на капацитетите за застапување помеѓу членовите на заедницата;
3.3.4 Развивање на теренот;
3.3.5 Развој на мобилна апликации за полесен пристап на членовите на заедницата до информации за работата на СТАР –СТАР и информации за теренски активности и сервиси;

### ЦЕЛ 3.4 - Регионален пристап за градење капацитети на СТАР Запад во застапувањето и спроведувањето на SWIT

Во изминатиот период СТАР –СТАР реализираше пет еднодневни работилници и тоа:

- Еднодневна работилница за подготовка на месечно издание на печатен весник „Од нас за нас“
- Еднодневна работилница за теренска работа и мобилизација на заедницата;
- Еднодневна работилница за документирање случаи на кршење на човековите права;
- Еднодневна работилница за онлајн и јавни кампањи и акции;
- Еднодневна работилница за мониторинг, евалуација и планирање на активности и развивање акциски план.

Во текот на 2020 планирани се креативни работилници со зедницата во рамки на центарот во Гостивар соодветно на изработениот Акциски план (на пример: заедничко готвење, шминкање, дружење и сл.)

### ЦЕЛ 3.5 - Континуиран развој на печатен весник „Од нас за нас"

СТАР-СТАР издаде 6 броја на весникот и во иднина планира да продолжи со оваа активност. При тоа како дополнителни активности се планирани:

3.5.1 Развој на нов дизајн и нови содржини за весникот;

3.5.2 Осмислување на нови и креативни начини за дистрибуција на весникот и негово активно користење.

### ЦЕЛ 3.6 – Мобилизација и работа со МСМ и трансродови лица

Во изминатиот период организацијата воспостави Комитет помеѓу ограноците и СТАР-СТАР, спроведена е обука за регионалната SWIT алатка како и обука за ТРАНЗИТ алатката. Исто така реализирани се активности за врсничка едукација и теренски активности и работилници за двата ограноци за on-line документација и прекршување на човековите права. Во текот на 2020 треба да се заврши:

3.6.1 Публикување на ревидирана публикација за спроведување на ТРАНЗИТ алатката

### ЦЕЛ 3.7 – Зајакнување на националниот систем за заштита на човековите права и следење на репродуктивните права на заедницата

Во изминатиот период организацијата превзеде активности за имплементација на MSMIT и SWIT и спроведе активности и обуки за подигнување на свеста кај заедницата, давателите на услуги и социјалните работници. Оваа цел ќе биде понатаму ревидирана во иден процес на стратешко планирање.

**ЦЕЛ 3.8 - Континуирано унапредување на развојот на СТАР –СТАР**

Во изминатиот период организацијата реализираше активности за унапредување на развојот и работењето. Реализирани се планирачки состаноци со цел дефинирање на улогата на ограноците, развивање план за работа со вклучени индикатори за следење. Исто така за подготовката на оваа ревидирана стратегија СТАР-СТАР реализираше работилница со сите членови на тимот вклучително и ограноците.

Во текот на 2020 преостануваат следниве активности:

3.8.1 Развој на нов стратешки план;
3.8.2 Подготовка на Комуникациска стратегија за организацијата со вклучени цели и активности за односи со јавност, подготовка и водење камапањи и настап на социјални медиуми;
3.8.3 Развивање на двогодишен акциски план 2020/2021;
3.8.4 Ретрит;
3.8.5 Одржување годишно собрание;
3.8.6 Отпочнување активности за консолидирање на членството и развој на стратегија за членство

## 3.2 Оценка на постигнувањата

Табелата со индикатори (прилог 3) и служи на организацијата за пишување на следната стратегија 2020-2022. Податоците внесени во табелата се однесуваат по години, започнувајќи од 2017 до 2019 година и го мерат успехот на реализираните активности. Индикаторите се поделени во три групи: индикатори за успех на програмите, индикатори за влијанието на активностите кај заедницата и јавноста и индикатори на организацискиот развој. Во однос на првата група на индикатори, бројот на едуцирани членови на заедницата, како и други засегнати страни се намалува последователно со годините, и тоа се должи на проектните активности кои биле предвидени за таа година, и тоа не треба да влијае на успешноста на реализираните активности. Бројот на учесници во одбележување на значајните денови за заедницата, бројот на објави по медиуми, како и бројот на сензибилизирани лица од општата популација, варира во годините, во однос на тоа колку јавни настани и кампањи ни биле предвидени за реализирање во дадената година. Во однос на втората група на индикатори, бројот на прегледи на профилот на СТАР на Твитер се намалува во годините, поради блокирање на истиот во мај, 2018 година. Бројот на прегледи на профилот на СТАР на YouTube, е сумиран во две години, 2018 и 2019 година, бидејќи сите видеа кои биле публикувани во изминатите години на повеќе профили на СТАР на YouTube се споени во еден во 2018 година. СТАР во март 2017 година престана со дистрибуирање на весникот "Од Нас за Нас". Во 2018 година, испечатени се дополнителни 6 изданија од овој весник, како активност во огранокот во Гостивар, СТАР-Запад. Потребно е дополнително да се разгледа дали оваа активност би продолжила во иднина, и доколку сметаме дека е во интерес на заедницата, би ја вратиле како редовна активност во ограноците на СТАР.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Во изминатата деценија, СТАР-СТАР од активистичко движење прерасна во организација која е значаен чинител во граѓанското општество во Република Македонија. Со своето постоење СТАР-СТАР е препознатлива помеѓу општата популација, граѓанскиот сектор и државните иснтитуции како клучна организација основана од самата заедница која се стреми да ги унапреди и заштити човековите права на сексуалните работници. Како рамноправен партнер учествува во повеќе платформи и коалиции на здруженија на граѓани и државни институции во креирањето на принципите на едно демократско и толерантно општество. Надминувајќи го локалното делување, СТАР-СТАР ги прошири своите активности и дејствувања на национално ниво, формирајќи два ограноци: СТАР Запад и СТАР Исток.

Овој документ претставува чекор кон новата стратешка рамка која треба да биде изработена во 2020 година и преку која ќе се анализираат и конкретизираат и новите можности во работењето на СТАР-СТАР.

Следен чекор на СТАР-СТАР е на претстојното Собрание на здружението да го презентира и да го усвои ревидираниот Стратешки план. Тоа што останува како предизвик за СТАР-СТАР е:

- Организацијата да продолжи да функционира и да биде потполно оперативна.
    - Канцеларијата во СТАР-СТАР треба беспрекорно да функционира, таа е центарот, линкот кој ги поврзува и координира активностите на СТАР Запад и СТАР Исток.
    - Понатамошно јакнење на тимот во извршната канцеларија на СТАР Запад со цел да ги координира и имплементира активностите предвидени со Акцискиот план за работа.
- Организацијата треба биде долгорочно одржлива.
    - Да се одржи динамиката на развивање и реализација на минимум по еден проект за секоја програма.
    - Да се одржуваат и негуваат односите со досегашните донатори и стратешки партнери и изнаоѓање други потенцијални странски и домашни донатори.
- Организацијата треба да продолжи со исто темпо да спроведува активности и кампањи со цел да остане општествено препознатлива и прифатлива на локално и национално ниво, особено во локалните ограноци на СТАР-СТАР.
    - Да се развие план со цел да се продолжи промоцијата на организацијата, да се зголеми нејзината видливост, да биде препознаена и прифатена од околината, особено во новите подрачја на делување.

- Спроведувањето на проектите да биде навремено според предвидената временска рамка.
- Организацијата треба да биде транспарентна во комуникацијата со околината за својата работа и постигнувањата во полето на делување.
- Развивање нови идеи за промоција, поттикнувајќи ја љубопитноста на јавноста, со што заедницата ќе го добие вниманието на истата

## 5. ТОЛКОВНИК

Со цел да го направиме стратешкиот документ поразбирлив за секој што ќе посака да го прочита, следуваат објаснувања на клучните термини кои се употребуваат во истиот.

**Сексуалната работа** се дефинира како непринудна продажба на сексуални услуги за пари или други материјални добра помеѓу согласни возрасни лица. Сексуалната работа вклучува нудење сексуални услуги на отворена (на улица) и затворена сцена (апартмани, хотели, мотели, салони за масажи, ноќни барови), ескорт услуги, сексуални услуги преку телефон, порнографија, егзотично танцување, сексуални услуги преку веб камери и друго.

**Сексуален работник** може да биде маж, жена или трансродово лице кое нуди/дава сексуални услуги во замена за пари или други материјални добра.

**Трансродови лица** се оние чиј родов идентитет или родово изразување коренито се разликува од традиционално одредените и прифатени норми. Тука спаѓаат **трансвеститите** (исто и травестити), коишто претпочитаат повремено или постојано да се облекуваат во облеката на спротивниот род (и кои не мора да значи дека секогаш се хомо/бисексуално ориентирани!), како и **транссексуалци**, лица кои по пат на хормонални терапии и хируршки зафати го менуваат својот природен пол, со цел и општествено да се вклопат во посакуваниот род.

**МСМ** (анг. Men who have Sex with Men, мажи кои имаат секс со мажи). Со овој термин се означуваат сите мажи што повремено, зачестено или исклучиво имаат сексуални односи со мажи, без оглед на тоа каква е нивната сексуална ориентација (хетеросексуална, хомосексуална или бисексуална).

**ХИВ** (анг. Human Immunodeficiency Virus, Вирус на човечка имунодефициенција) претставува вирус кој предизвикува имунодефициенција кај човекот. ХИВ вирусот ги напаѓа лимфоцитите, т.е. клетките на човековиот одбранбен систем. ХИВ се пренесува на три начини: незаштитен сексуален однос (без употреба на кондом), крвен пат, и вертикален начин на пренос (од мајка на дете).

**СИДА** (анг. AIDS = Acquired Immunodeficiency Syndrome, Синдром на стекната имунодефициенција) претставува хронична заразна болест која се карактеризира со постепено намалување на отпорноста на организмот кон инфекции и е предизвикана од ХИВ.

**СПИ** (сексуално преносливи инфекции) се пренесуваат преку незаштитен сексуален однос, но некои од нив може да се пренесат и на друг начин (на пример, од мајка на дете, користење на

дрога преку инјектирање, директен контакт со инфицираното место). СПИ можат да бидат предизвикани од вируси, габи, бактерии и паразити. Најчести СПИ инфекции се: кандида (предизвикани од габи); гонореја, сифилис, и кламидија (бактериски инфекции); херпес, хепатитис Б, хепатитис Ц, ХПВ – хуман папилома вирус (вирусни инфекции) и трихомонас (предизвикана од паразит).

## 6. ПРИЛОЗИ

Прилог 1 – SWOT
Прилог 2 – листа на реализирани проекти
Прилог 3 – Индикатори за оствареност на стратегијата 2018 - 2020

**Прилог 1**

# Генерална SWOT Анализа - Скопје (04.11.2019)

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Единствена организација на сексуални работници во С. Македонија<br>• Развиени два огранoци на СТАР во два града (Гостивар и Струмица)<br>• Одличен работен простор (локација, опременост)<br>• Има развиено неформална мрежа на организации и експерти (даватели на услуги)<br>• СТАР е препознаена на локално и меѓународно ниво<br>• СТАР е активна членка во разни локални, регионални и | • Нема развиено активности на континуирана основа во ограноците на СТАР (планирани се активности во Гостивар за 2020 год.)<br>• Неактивно членство<br>• Постои пасивен однос кон членовите<br>• Постои организациска структура, меѓутоа не е ставена во функција<br>• Не постои развиена мрежа на даватели на услуги по ограноците<br>• Во Струмица нема работен простор (канцеларија, дроп-ин центар) |

| | |
|---|---|
| меѓународни коалиции, мрежи итн.<br>• Добар тим, составен од поединци со развиени капацитети од различни области (комплементарни вештини и знаење)<br>• Има поставено одличен систем за административно и финансиско работење<br>• Има повеќе разноврсни донатори<br>• Постои стратегија за мобилизација на ресурси<br>• Добар имиџ кај донаторите<br>• СТАР е позната во пошироката јавност со настаните/кампањите што ги спроведува (маршот на 17ти декември и Red Light District)<br>• Добра соработка со медиумите меѓутоа ограничена само за кампањите што се организираат | • Недоволно искористени капацитети на вработените (презафатеност)<br>• Потреба од надоградба, развивање на вештини и знаење (Пр. учење на англиски јазик)<br>• Постои стратегија за мобилизација на ресурси (fundraising), меѓутоа истата не се имплементира доволно<br>• Членовите на тимот не се во можност да донесуваат одлуки на дневна база (проблем со микроменаџирање)<br>• Не сме доволно присутни во јавноста<br>• Недоволна експертиза за јавни настапи (messaging)<br>• Не мапираме сексуални работници кои имаат капацитети за учество на работилниците за едукација кои ги организира СТАР<br>• Немаме официјални ставови на организацијата за сексуалната работа и за прашања поврзани со сексуалната работа<br>• Недоволна мобилизација на заедницата<br>• Недоволно развиена теренска работа<br>• Немаме развиено стратегија за комуникација |
| **Можности** | **Закани** |

| | |
|---|---|
| • Да се отвори дроп-ин центар во Струмица<br>• Ја превземаме лидерската улога во однос на креирање на протколот за ПрЕП и ПЕП од страна на граѓанскиот сектор преку новиот проект на ViiV Healthcare<br>• Соработка со феминистички/женски организации кои можат да бидат наши партнери<br>• Иницијативата за декриминализација на сексуалната работа (коалиција на организации)<br>• СТАР – СТАР да го води процесот на координација на Иницијативата за декриминализација<br>• Соработка со медиумите<br>• Работа со сексуални работници со привремен престој во државата<br>• Воведување на стационарно тестирање за ХИВ во Гостивар<br>• Воведување на мобилно гинеколошко тестирање во Гостивар<br>• Соработка со локалната самоуправа во Струмица<br>• Сминање на песна и спот/органзирање на бенд | • Нестабилен политички контекст (од јануари ќе имаме техничка влада, во април избори)<br>• Феминистички/женски организации<br>• Стигма и дискриминација<br>• Конзервативно општество (политичките ставови на ВМРО и други партии)<br>• Верските заедници<br>• Иницијативата за декриминализација<br>• Министерството за здравство и Владата да го прекинат финансирањето на превентивната програма за ХИВ<br>• Донатори што не поддржуваат сексуална работа и организации што ја поддржуваат сексуална работа<br>• Медиуми/новинари кои сензационалистички известуваат<br>• Намалување на проектите и финансиите во 2020<br>• Локалната самоуправа |

# SWOT Анализа – Гостивар

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| • Добра комуникација со заедницата<br>• Добро опремен простор/канцеларија<br>• Лила е дополнително анагажирана во Гостивар. Ја посетува канцеларијата еден ден во неделата.<br>• Единствена канцеларија за сексуални работници во Гостивар<br>• Отвореност на сексуалните работници за комуникација и работа (се контактираат 10-12 лица на редовна основа).<br>• Реализирање на едукативни работилници<br>• Сорботка со други организации кои што се засегнати,и работат за човековите права на маргинализираните заедници.<br>• Успешна соработка со дроп-ин центарот Хелп Гостивар (препраќање на сексуалните работнички до истиот центар). | • Слаба посетеност на дроп-ин центарот<br>• Лоши меѓучовечки односи помеѓу сексуалните работници<br>• Неразвиен терен<br>• Нерегистрирани работни активности |
| **Можности** | **Закани** |
| • Развој на теренски активности<br>• Воведување на слободни активности за самата заедница (шминкање, готвење, и сл.)<br>• Организирање на локални кампањи и јавни настани<br>• Воведување на стационарно ХИВ тестирање и/или за гинеколошки прегледи. | • Затворање на дроп-ин центарот |

# SWOT Анализа – Струмица

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Изградени капацитети кај координаторот на Струмица за едукација и застапување на заедницата<br>• Отвореност на сексуалните работници за комуникација и работа (се контактираат 10-12 лица на редовна основа)<br>• Развиена теренска работа (ХИВ тестирање-Гинеколошки прегледи)<br>• Искуство со функционирање на дроп-ин центар<br>• Организација раководена од самата заедница<br>• Соработка со организации кои работат со заштита на човековите права на маргинализираните лица | • Недостаток на тим<br>• Неразвиен терен<br>• Нерегистрирани континуирани работни активности<br>• Намалување на донаторите<br>• Недоверба на заедницата во НВО сектор (од искуството со работата со локални организации)<br>• Недоволно разиени комуникациски вештини (потреба од унапредување, пр. учење на странски јазик) |
| **Можности** | **Закани** |
| • Отварање на дроп-ин центар<br>• Развој на теренски активности<br>• Можност за соработка со локалната власт<br>• Проширување на кампањите на локално ниво<br>• Можност за прибирање на минимални материјални донации<br>• Соработка со локални правници<br>• Соработка со локални невладини организации | • Постоење на организација која не гледа како непријател/конкурент. |

**Прилог 2**

**Листа на реализирани проекти:**

- Организациско јакнење на капацитетите на СТАР-СТАР, 2011 год./ Фондација Отворено
- Општество-Македонија - FOSM.
- Промоција на СТАР-СТАР помеѓу заедница, 2011 год./ Глобален фонд на жените - GFW.
- Организациско јакнење на капацитетите на СТАР-СТАР, 2012 год./ Фондација Отворено
- Општество-Македонија-FOSM.
- Одбележување на Интернационалиот ден на сексуалните работници, 2012 год./ SWAN/Mama
- Cash.
- Оддржување на ниска ХИВ преваленца во РМ - Одржлив равој, 2012-2017 год./ Глобален
- фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберколоза и маларија - GF.
- Организациски развој на СТАР-СТАР и јакнење на капацитетите за мобилизација на
- заедницата, 2013 год. / Фондација Отворено општество-Македонија - FOSM.
- Јакнење на институционалните капацитети на СТАР-СТАР, 2014 год./ Фондација
- Отворено општество-Македонија-FOSM.
- Мобилизација и интеграција на ГМТ заедницата кон подобрување на секундарниот
- здравствен систем, 2014год./ amfAR, The Foundation for AIDS Research.
- Јакнење на институционалните капацитети на СТАР-СТАР, 2015 год./ Фондација
- Отворено општество-Македонија - FOSM.
- MSMT Sex Workers Mobilization and Integration to Improve the Secondary Healthcare System, 2015-2017/ViiV Healthcare UK Ltd. – Positive Action Project Funding Agreement.
- CAF Charities Aid Foundation, 2015 год.
- Јакнење на организациските капацитети на СТАР-СТАР, 2016 год./ Фондација
- отворено општество Македонија - FOSM.
- Инситуционален грант, 2016-2017 год./ Red Umbrella Fund.
- Имплементација на елементи од SWIT во Р.С. Македонија, 2017год./ The International Committee on the Rights of Sex Workers in Europe - ICRSE преку The Robert Carr Civil Society Networks Fund -RCNF.
- Јакнење на организациските капацитети на СТАР-СТАР, 2017-2018 год./ Фондација
- Отворено општество-Македонија - FOSM.
- Право на здравје: Акции на заедниците за зголемување на пристапот до услуги за ХИВ, за МСМ и трансродови лица во Централна и Источна Европа и Централна Азија, 2017 год./ Евроазиска Коалиција за Машко Здравје - ECOM.
- Грант за видео продукција, 2017 год./ SWARM, ICRSE.
- Зголемување на националните капацитети за вклучување на потребите и човековите права на адолесцентите и младите во законите, политиките и програмите, вклучително во хуманитарни и кризни состојби, 2017 год./ Фонд за население на Обединетите нации - UNFPA.
- Превентивна програма за ХИВ/СИДА, 2017 год. (3 месеци)/ Министерство за Здравство.

- Јакнење на организациските капацитети на СТАР-СТАР, 2018 год./ Фондација Отворено општество-Македонија - FOSM.
- Јакнење на организациските капацитети на СТАР-СТАР, 2019 год./ Фондација Отворено општество-Македонија - FOSM.
- Превентивна програма за ХИВ/СИДА, 2018 год./Министерство за Здравство.
- Превентивна програма за ХИВ/СИДА, 2019 год./Министерство за Здравство.
- Право на здравје: Акции на заедниците за зголемување на пристапот до услуги за ХИВ, за МСМ и трансродови лица во Централна и Источна Европа и Централна Азија, 2018/2019 год./ Евроазиска Коалиција за Машко Здравје - ECOM.
- Зголемување на националните капацитети за вклучување на потребите и човековите права на адолесцентите и младите во законите, политиките и програмите, вклучително во хуманитарни и кризни состојби, 2018/2019 год./ Фонд за население на Обединетите нации - UNFPA.
- Институционален грант, 2018/2019 год./ Red Umbrella Fund
- Имплементација на елементи од SWIT во Република Северна Македонија, 2018 год./ The International Committee on the Rights of Sex Workers in Europe - ICRSE преку The Robert Carr Civil Society Networks Fund -RCNF.
- Имплементација на елементи од SWIT алатката, 2019 год./SWAN и NSWP
- Имплементација на ТРАНСИТ алатката во Република Северна Македонија, 2019год./ EKHN
- Сексуални работници и даватели на здравствени услуги во заедничка акција за обезбедување на сеопфатна услуги за ХИВ и СПИ ослободени од стигма и дискриминација во Република Северна Македонија, 2019 год./ ViiV Healthcare

## **Прилог 3**

## Индикатори за оствареност на стратегијата 2018 - 2020

| Индикатори | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|
| ***1. Индикатори за успех на програмите*** | | | |
| 1.1 Број на сензибилизирани здравствени и социјални работници | 25 | 0 | 12 |
| 1.2 Број на реализирани истражувања ( самостојни и заеднички) | 3 | 1 | 1 |
| 1.3 Број на едуцирани членови од заедницата за нивните основни човекови права и социјални и здравствени права, сексуално и репродуктивно здравје | 123 | 106 | 53 |
| 1.4 Број на публикувани документи (анализи, ставови и сл.) во врска со законски решенија и регулативи | 0 | 0 | 0 |
| 1.5 Број на документирани случаи за прекршување на правата на сексуалните работници | 21 | 100 | 37 |
| 1.6 Број на обучени параправници | 4 | 0 | 0 |
| 1.7 Број на прифатени и проследени повици на телефонската линија | 167 | 86 | 0 |
| 1.8 Број на дистрибуирани кондоми | 6346 | 11595 | 11309 |
| 1.9 Број на дистрибуирани лубриканти | 3988 | 6273 | 2173 |
| 1.10 Број на едуцирани членови од зедницата за SWIT и TRANZIT | 0 | 94 | 39 |
| 1.11 Број на членови од зедницата кои побарале гинеколошки услуги | 22 | 30 | 23 |
| 1.12 Број на учесници/прегледи на медиуми/општа популација сензибилзрана на одбележувањето на датуми и јавни настани | 41.203 | 500.601 | 300.127 |
| *1.12a 03.03 број на прегледи на медиуми* | *1107* | *0* | *0* |
| *1.12b 17.12 број на учесници* | *90* | *101* | *127* |
| *1.12c Red Light District број на CP* | *6* | *0* | *0* |
| *1.12d Две од оние број на учесници* | *0* | *500* | *0* |
| *1.12e Општа популација сензибилизирана на настаните* | *40.000* | *500.000* | *300.000* |
| ***2. Индикатори за влијанието на активностите кај заедницата и јавноста*** | | | |
| 2.1 Број на прегледи на веб страна | 4537 | 17263 | 23768 |
| 2.2 Број на прегледи на twitter | 2120 | 3757 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.3 Број на прегледи на you tube | 0 | 685 (9 видеа) | 873 (3 видеа) |
| 2.4 Број на следбеници на Facebook | 2001 | 2750 | 3242 |
| 2.5 Број на прегледи  на електронскиот весник | 1851 | 2507 | 1844 |
| 2.6 Број на дистрибуирани примероци од списанието „Од нас за нас“ | 300 | 0 | 0 |
| 2.7 Број на објави на медиуми по повод одбележување на 03.03, 02.06 и 17.12 | 99 | 42 | 80 |
| *2.7а објави по повод 17.12* | *35* | *28* | *80* |
| *2.7б објави за друи настани* | *64* | *14* | *0* |
| ***3. Индикатори на организацискиот развој*** | | | |
| 3.1 % на сооднос помеѓу аплицирани и одобрени проекти (годината почнува во јануари) | 80% | 80% | 80% |
| 3.2 % на пораст на годишниот буџет во однос на претходната година (започнувајќи од 2017) | 49% | 2,2% | 42% |
| 3.3 Број на членови на персоналот на СТАР-СТАР | 8 | 16 | 10 |
| 3.4 Број на реализирани активности за организациски развој | 4 | 23 | 12 |